СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1104/2022

Дата 15 -06- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Чашка, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060, КО Оморани, Општина Чашка.**

Површината предметниот опфат изнесува 0,26 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y14222** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060, КО Оморани, Општина Чашка би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060 во КО Оморани, Општина Чашка, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. Врз основа на извршениот увид на предметната локација од страна на стручен тим од Националниот конзерваторски центар – Скопје, констатирано е дека локацијата се наоѓа на периферијата од археолошкиот локалитет "Лениште" и таму


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

се среќаваат мноштво фрагменти од градежна и садова керамика кои според фрактурата потекнуваат од римскиот период. Врз основа на увидот стручен тим од Националниот конзерваторски центар – Скопје, смета дека при изведба на градежни и земјани работи задолжително е присуство на стручно лице од надлежна институција за заштита на културно наследство.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060 во КО Оморани, Општина Чашка, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Чашка, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 41889 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060, КО Оморани, Општина Чашка. Површината на предметниот опфат изнесува 0,26 ha

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060 во Оморани, Општина Чашка, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1104/2022 од 09.06.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060 во КО Оморани, Општина Чашка, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејна куќа за времен престој – викенд куќа, на КП 1058 и КП 1060, КО Оморани, Општина Чашка**, и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Shkup MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Сoња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk